Бр./Nr 12-559/3 (2023)
22-01-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по доставена пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-та седница одржана на 11.01.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапувањето по предмет број 12-2049/1 од 04.06.2021 година, **СЕ ЗАПИРА**.

Документацијата од јавната набавка и реализацијата на договорите со /// за прослава на 20-годишнината од потпишувањето на Охридскиот Рамковен Договор да се достави до Управата за финансиска полиција на натамошно постапување, поради сомневање за незаконско и ненаменско користење на средствата од Буџетот на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

Поради утврени слабости во примената на членот 80 од Законот за јавни набавки, да се изврши антикорупциска проверка на истиот и Извештајот да се достави на надлежно постапување до Бирото за јавни набавки .

До Владата на Република Северна Македонија да се достави известување/ укажување за доследна примена на Законот за празниците односно за потребата од уредување на друг начин на одбележувањето датуми кои не се опфатени со истиот.

Предметот број 12-2049/1 од 04.06.2021 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот број 12-2049/1 од 04.06.2021 година во ДКСК е оформен по допрен глас од медиуми дека од страна на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците (во натамошниот текст – Министерството) бил објавен оглас за јавна набавка за избор на еконономски оператори за организирање манифестација по повод 20-годишнината од потпишувањето на Охридскиот договор, во времетраење од три месеци во периодот јуни-август 2021 година, за што се склучени договори со /// и /// - фирма која е финансиер на политичката партија /// и која редовно добива договори за јавни набавки од институции во кои одговорните лица доѓаат од нејзините редови.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави барања за прибирање податоци и документација до Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, до Бирото за јавни набавки, до Агенцијата за вработување и до Државниот завод за ревизија.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

Предметната јавна набавка за која преку електронскиот систем за јавни набавки на Бирото за јавни набавки бил објавен оглас број /// од 20.05.2021 година, била предвидена со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на ресорното Министерство, за што со буџетот биле обезбедени 30.000.000 денари со вклучен ДДВ. За усвојување на Програмата за одбележување на манифестацијата за 20 годишнината од потпишувањето на Охридскиот Рамковен Договор Владата на Република Северна Македонија донела заклучок на својата 90-та тематска седница одржана на ден 27.07.2021 година. Со Одлуката за јавна набавка од 11.05.2021 и нејзината измена од 28.05.2021 година донесени од министерот, било планирано набавката да се спроведе преку отворена постапка делива во четири дела, со електронска аукција, а со објавената тендерска документација биле предвидени услови за финансиска и техничка способност што економските оператори требало да ги исполнат.

На објавениот оглас се пријавиле две фирми: /// за дел 1 и 2, и /// за дел 3 и 4, со кои се склучени договори. Вредноста на договорите е во рамките на средствата утврдени со одлуката за јавна набавка за секој дел поединечно.

Од анализата на поставените критериуми може да се констатира следното:

- ✓ За **дел 1 - Организирање на настани и културни манифестации** – предвидени средства за реализација се 13,900.000 денари со вклучен ДДВ. Како услови што економските оператори требало да ги исполнат биле наведени следните:
  1. Да има остварено најмалку приход од 20.000.000 за последните три години (2018,2019,2020), за секоја година поединечно
  2. Успешно реализирани три договори поврзани со предметот на набавка во последните три години
  3. Да има најмалку 10 вработени или ангажирани лица
  4. Исполнување на ISO 9001, 14001, 20121
- ✓ За **дел 2 - Креатива** –предвидени средства за реализација се 10.100.000 денари со вклучен ДДВ. Како услови што економските оператори требало да ги исполнат биле наведени следните:
  1. Да има остварено најмалку приход од 20.000.000 денари за последните три години (2018,2019,2020), за секоја година поединечно
  2. Успешно реализирани три договори за видео продукција за последните пет години
  3. Да има најмалку 15 вработени или ангажирани лица
  4. Исполнување на ISO 9001, 14001

Од увидот во техничката спецификација може да се констатира дека позициите за дел 1 и 2 од техничката спецификација се дефинирани со термини и карактеристики кои што упатуваат на голема техничка прецизност и професионална терминологија разбирлива само за фирма чија дејност подразбира редовно организирање на настани од каде би произлегла и способноста на таа фирма за правилно предвидување на потребите за една таква организација. Друга карактеристика на техничката спецификација е што ниту една позиција не е поврзана со количини или, пак, ориентациони количини како би се влијало на цената, поради што како понуда се дадени единечни цени за секоја позиција, врз основа на што е добиена вкупната вредност на понудата.

Во врска со дел 2 – Креатива, ДКСК цени дека утврдениот критериум од најмалку 15 вработени или ангажирани лица без дефиниран најмал број на вработени лица со соодветни компетенции за реализирање на активноста (дизајн и продукција на спотови, пишување на сценарија, снимање на филм, лектура и коректура, стручна редакција, графичко, техничко уредување, дизајн на промотивни материјали и други позиции), упатува на ризик договорот да се додели на оператор кој не располага со потребните квалификувани човечки ресурси како и на ризик од неквалитетно извршување на договорот. Воедно, истото би можело да упатува и на можност да се обезбедат поволни услови за конкретен понудувач.

Од увидот во документацијата добиена од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците која се однесува на исплатата на средствата, од приложените фактури за дел 1- Организација на настани и 2 –Креатива, може да се констатира дека поради состојбата предизвикана од Ковид пандемијата не биле реализирани сите планирани настани – концерти. За позициите кои се реализирани и фактурирани односно платени, со оглед на тоа што во техничката спецификација не се предвидени количини, не бевме во можност да утврдиме дали реализираните/набавените колични се оправдани. Имено, нејасно е како се одобрени и исплатени фактурираните колични, во смисла на потврда на нивната реализација и во смисла на реално утврдена потреба. Попрецизно, од документацијата во која е извршен увид не може да се утврди дали сите испечатени памфлети, покани, папки, книги, искористени билборди за промоција на настанот биле реални и потребни, кој ги примил материјалите, кој водел грижа за нивна дистрибуција, објавување, и слично.

Од причина што во текот на постапувањето по предметот се случи и прославата на 21-та годишнина од истиот настан, ДКСК на колегиум донесе заклучок да се прошири постапувањето по предметот со број 12-2049/1 од 10.08.2022 година – и во рамки на истото да се преземат дејствија во насока на утврдување на околностите поврзани со одбележувањето на 21-годишнината од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор.

Во текот на проширеното постапување беше утврдено дека износот на одобрени средства за одбележување на 21-годишнината од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор е помал, а помал е и обемот на планираните активности и потребите дефинирани во техничката спецификација. Сепак, и во оваа постапка не се дефинирани потребни количини, а критериумот за бројот на вработени е ист како и во постапката спроведена за потребите на одбележувањето на 20-годишнината. Единствен понудувач во оваа постапка било правното лице ///, со кое биле склучени договори.

ДКСК утврди дека постапката за избор на најповолен понудувач за прослава на 21-годишнина од потпишувањето на Охридскиот Рамковен Договор била спроведена од надворешно правно лице, избрано од страна на Министерството како најповолен понудувач - економски оператор за вршење на работи од областа на јавните набавки во постапка за набавка од мала вредност . Во оваа постапка како критериум за избор на поволен понудувач бил утврден критериумот најповолна понуда, како најдобар однос меѓу цена и квалитет. Како репер за утврдување на квалитетот бил предвиден бројот на извршени услуги односно спроведени јавни набавки во 2018, 2019 и 2020 година. Притоа, за утврдување на способноста на операторите, Министерството не ги предвидело условите кои согласно член 80 од Законот за јавни набавки задолжително треба да ги исполнуваатлицата кои ги спроведуваат јавните

набавки кај договоритните органи: најмалку 180 кредити или VII/1 степен образование, поседување соодветна потврда за положен испит за лице за јавни набавки издадено од Бирото за јавни набавки после спроведени обуки и положен испит.

ДКСК цени дека спроведувањето на постапките за јавни набавки од надворешни правни или физички лица носи ризици од корупција и злоупотреба, поради зголемената можност за прилагодување на критериумите и на условите на фирми блиски до лицата кои ги спроведуваат јавните набавки или до службени лица од договорниот орган, но и неможност да се преземат активности предвидени со членовите 33, 34, 35, 36 и 38 од Законот за јавните набавки во однос на обезбедување интегритет на постапката, информирање за евентуални корупциски активности и слично.

Овие состојби се потврдени од Центарот за граѓански комуникации во Извештајот од мониторингот на јавните набавки за 2021 година, каде Центарот известува дека многу институции како од централно така и од локално ниво користат услуги од надворешни правни лица за спроведување на јавните набавки, и укажува на многу слабости и коруптивни ризици.

Во членот 80 став 1 од Законот за јавните набавки е уредено: „Договорниот орган определува лице или организационен облик во чии рамки ќе се вршат работите од областа на јавните набавки". Со цел професионализација на лицата што ги спроведуваат јавните набавки, Бирото за јавни набавки има воспоставено центар за едукација, сертифицирано предавачи и редовно врши обуки на лица за што секоја година се трошат големи средства од Буџетот на РСМ. Оттаму, ДКСК цени дека ваквиот начин на избор на лица за спроведување на постапките за јавни набавки е во директна колизија со наведените одредби.

ДКСК го истакнува и прашањето за оправданоста на организирањето на прослави заради одбележувањето на годишнината од настанот секоја година, во смисла на тоа дека прашањата кои се однесуваат на празниците и прославите се уредени со Законот за празниците или со одлуки донесени од надлежни органи. Притоа, ДКСК особено ги има предвид фискалните ефекти врз Буџетот на Република Северна Македонија, како и тоа дека Владата има донесено одлука односно одобрено буџет и програма за обележување на 20-годишнината од Охридскиот договор, но не и за одбележување на 21-та и 22-та годишнина.

ДКСК цени дека утврдената фактичка состојба упатува на сомневање за незаконско и ненаменско користење на средствата од Буџетот на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, и поради тоа смета дека постојат услови документацијата од јавната набавка и реализацијата на договорите со /// за прослава на 20 годишнината од потпишувањето на Охридскиот Рамковен Договор да ја достави до Управата за финансиска полиција, заради нејзино натамошно постапување.

Истовремено, ДКСК цени дека утврдената фактичка состојба упатува на слабости во примената на членот 80 од Законот за јавни набавки и поради тоа утврди потреба на истиот да се изврши антикорупциска проверка по што Извештајот би бил доставен на надлежно постапување до Бирото за јавни набавки .

Во однос на аспектите од утврдената фактичка состојба кои се однесуваат на начинот на одбележување на настанот, ДКСК утврди потреба до Владата на Република Северна Македонија да достави известување/ укажување за доследна примена на Законот за празниците односно за потребата од уредување на друг начин на одбележувањето датуми кои не се опфатени со истиот.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Одобрил: К.Н., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk